**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Согласно член 17 став 2 од Законот за јавни набавки („Службен Весник на Република Македонија“ бр.136/07, 130/08), Министерството за транспорт и врски објавува

## ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА БР.14/2010

### I. ДОГОВОРЕН ОРГАН
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, ул.Црвена Скопска Општина бр.4, 1000 Скопје.**

### II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА
**II.1. Предмет на договорот за јавна набавка:** Правни услуги.
**II.2. Вид на договорот за јавна набавка:** услуги – категорија 21.
**II.3. Подеталнен опис на предметот на договорот за јавна набавка:**
Набавка на правни услуги и тоа: совети, мислења, анализи, (предлог-текстови, укажување на последиците и учество во преговори) во врска со потребите за договорање на главните услови (принципи) и одредбите на Договорот за согласност и преземање, согласно Договорот за концесија за развој, финансирање, користење и одржување на аеродромот „Александар Велики“ во Скопје, аеродромот „Св. Апостол Павле” во Охрид и на нов карго-аеродром во Штип бр.02-11310 од 24.09.2008 година.
Огласот не се однесува на набавка на правна помош (адвокатски услуги).

### III. ПРАВНИ, ЕКОНОМСКИ, ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ
III.1. Критериуми за утврдување на способност на економскиот оператор:
**Документи за докажување на личната состојба:**
-изјава на економскиот оператор дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење на пари,
-потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган,
-потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган,
-потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран,
-уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење на одделна дејност.
**Документи за докажување на економската и финансиската состојба:**
-извештај за билансот на состојба и билансот на успех.
**Минимални критериуми за утврдување на економската и финансиската состојба:**
-позитивен финансиски извештај.
**Документи за докажување на техничката или професионалната способност:**
-листа на исти или слични услуги (подготовка на документација, односно учество во проекти поврзани со трансформација на аеродроми со модел на јавно-приватно партнерство и концесии) кои се извршени во последните три години, со приложување на потврда за задоволително извршување на услугите, вклучувајќи вредност, време и локација на извршување на улугите и наводи дали услугите се изведени согласно правилата за деловно работење и дали се прописно завршени или доколку такви потврди не можат да се обезбедат од причини вон контрола на економскиот оператор, со доставување на негова изјава за извршени услуги,
-изјава за образовни и професионални квалификации на раководниот кадар и особено на лицата кои се одговорни за извршување на конкретната услуга.
**Минимум критериуми за утврдување на техничката или професионалната способност:**

- Економскиот оператор за вршење на предметната услуга треба да има лице кое ќе ги исполнува следните квалификации:

-ВСС правен факултет,
-активно познавање на англиски јазик,

-најмалку 20 години работно искуство, од кои најмалку 10 години на полето на трансформација на аеродроми со модел на јавно-приватно партнерство и концесии,
-меѓународно искуство на проекти поврзани со трансакции од типот на јавно-приватно партнерство и концесии,
-искуство при договарање на конструкции за финансирање на инфраструктурни проекти, од кои минимум 1 (еден) успешно реализиран проект за финансирање на инфраструктурни проекти преку јавно-приватно партнертство и/или концесии.

За докажување на образовните и професионалните квалификации, односно исполнувањето на минималните критериуми лицето приложува работна биографија (CV) со соодветна референтна листа со наведување на називот на проектот во кој учествувал, име на нарачателот и во кое својство учествувал во проектот. Наведените податоци се потврдуваат со совоерачен потпис во работната биографија. Договорниот орган го задржува правото да изврши проверка на точноста на наведените податоци.

**IV. КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ:**

- цена (1 човек/час) 50 бода
- квалитет 50 бода

**V. АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ**

Тендерската документација е бесплатна и може да се подигне од Министерството за транспорт и врски, секој работен ден од $09^{00}$ до $14^{00}$ часот, за времетраење на огласот. Само лицата кои подигнале оригинална тендерска документација имаат право да достават понуда.

**Понудите да се доставаат најдоцна до 19.03.2010 година до 12 часот во писарницата на Министерството за транспорт и врски.**

**Јавното отварање ќе се одржи на денот и во часот утврдени како краен рок за доставување на понудите: 19.03.2010 година во 12 часот.**

**Комисија за спроведување на**
**постапката по јавната набавка**